МАПАС

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# Извештај
# за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2012 година

**Скопје, април 2013 година**

Република Македонија

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 03. 06. 2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2315/1 | | |

Бр. 03-828/1
Скопје, 03.06.2013

До: Собрание на Република Македонија

**Предмет: Доставување на материјали за усвојување на седница на Собранието на Република Македонија**

Почитувани,

Во врска со член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување(„Службен весник на Република Македонија" бр.29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), во прилог ви го доставуваме Извештајот за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2012 година на усвојување од Собранието на Република Македонија.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,

д-р Булент Дервиши

МАПАС Ленинградска бр.100, 1000 Скопје, тел/факс (+389-2) 3224-229/ 3166-452 www.mapas.gov.mk

**Содржина**


- **Вовед**
- **Организација и финансиско работење**
  - Организациска шема на Агенцијата
  - Работење на Управниот одбор на Агенцијата
  - Финансирање на Агенцијата
- **Реализирани активности во извештајниот период**
  - Супервизија на пензиските друштва и пензиските фондови
  - Закони и подзаконски акти
  - Постапувања поврзани со права на членови, претставки и предлози
  - Активности поврзани со агенти на пензиските друштва
  - Развивање на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување и правата на членовите на пензиските фондови
  - Истражување на јавното мислење
  - Статистичка анализа и изработка на извештаи за капитално финансирано пензиско осигурување
  - Развој на деловните процеси на Агенцијата
  - Информатичкиот капацитет на Агенцијата
  - Градење и јакнење на капацитетот на човечките ресурси на Агенцијата
  - Соработка со институции и организации од земјата и странство
  - ИПА проект
  - ИСО Стандардизација
  - Прослава на 10-годишнина од МАПАС и затворање на ИПА проектот
  - Преселба во нов простор
- **Други активности**


## *I.* *Вовед*

Изминатата 2012 година Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) ја обележа 10-годишнината од своето постоење, како и седум години од целосната оперативност на системот на задолжително капитално финансирано

пензиско осигурување и три години од почетокот на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување.

Агенцијата се грижеше за правата и интересите на 323.480 членови на приватните задолжителни пензиски фондови и 16.755 членови на приватните доброволни пензиски фондови со вкупната вредност на средствата во сите фондови од над 330 милиони Евра.

Во текот на 2012 година Агенцијата продолжи да ја усовршува својата функција преку интензивирањето на теренската и вонтеренската контрола на пензиските друштва и на пензиските фондови.

Во функција на ефикасна вонтеренска супервизија на дневна основа, Агенцијата работеше на унапредување и надградување на деловните процеси согласно потребите и барањата на сите институции вклучени во системот на капитално финансирано пензиско осигурување. Деловните процеси на Агенцијата се поддржани со современи софтверски и хардверски решенија што придонесуваат кон брзината на реакцијата на Агенцијата и непречено следење на секоја промена која настанува во системот на капитално финансираното пензиско осигурување. При вршењето на автоматската вонтеренска супервизија Агенцијата продолжи со својата проактивна интервенција и предвремено спречување на појавување на проблеми, со што се намалува потребата од преземање на корективни активности по настанати проблеми. Во насока на подобрување и усовршување на супервизијата, Агенцијата активно работеше на развивање на супервизијата базирана на контрола на ризик, со помош на проектот финансиран со средства од ИПА.

Кон крајот на 2012 година и официјално заврши ИПА Проектот за поддршка на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување. Завршувањето на ИПА проектот беше медиумски покриено заедно со одбележувањето на 10-годишнината од постоењето на Агенцијата. Со овој Проект, Агенцијата оствари значителни подобрувања во ефикасноста на работењето. Од особена важност, во рамките на овој Проект, е сертификацијата на Агенцијата со ИСО 9001 : 2008 – Систем за управување со квалитет во областа на услуги од капитално финансираното пензиско осигурување.

Во 2012 година продолжија и редовните теренски контроли кои стручната служба на Агенцијата ги спроведе во двете пензиски друштва и тоа контрола на работењето на друштвото (институционална контрола) и контрола на работењето со средствата на пензиски фонд (финансиска контрола).

Во 2012 година Агенцијата иницираше предлози за измена на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и активно даваше придонес во текот на нивното изготвување. Исто така Агенцијата ги изготви и ги донесе подзаконските акти за доуредување на законската материја.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр. 98/2012) Агенцијата се стекна со целосна институционална независност со што за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија.

Кон крајот на 2012 година Агенцијата се пресели во нов објект кој овозможи подобри услови за работа за вработените на Агенцијата. Исто така, со оваа преселба се обезбеди голема заштеда на трошокот за закупнина кој се плаќаше во изминатите години.

Агенцијата, како членка на Меѓународната организација на пензиски супервизори (ИОПС), активно учествуваше во нејзината работа определувајќи

се за следење на принципите во вршењето на својата регулаторна и супервизорска функција изградени врз основа на најдобрите светски практики.

## II. Организација и финансиско работење

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е основана заради вршење супервизија на работењето на пензиските друштва и на пензиските фондови. Нејзина цел е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. Агенцијата е регулаторна и супервизорска институција во капитално финансираното пензиско осигурување со јавни овластувања.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр. 98/2012) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија и со овој Закон се создаде основ за воспоставување на Совет на експерти како орган на Агенцијата.

*Организациска шема на Агенцијата*




## II. 2 Работење на Управниот одбор на Агенцијата

Во текот на 2012 година Управниот одбор на Агенцијата, согласно своите права и обврски содржани во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Статутот на Агенцијата и Деловникот за работа на Управниот одбор, редовно одржуваше седници давајќи особен придонес во зголемување на квалитетот и ефикасноста на работата на Агенцијата. Согласно утврдена динамика, Управниот одбор во 2012 година одржуваше најмалку една седница во текот на месецот, односно одржа вкупно 15 седници на кои:

*Усвои :*

- Извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2011;
- Извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување во 2011;
- Стратешки план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2012-2014

*Разгледа:*

- Ревизорскиот извештај за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
- Активности на ИПА проектот: „Поддршка за Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување“ за периодот март – јуни 2012 година;
- Информацијата за имплементација на стандардот ИСО 9001:2008 во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување;
- Анализата на можноста за намалување на висината на надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва кои управуваат со задолжителен пензиски фонд;

*Донесе:*

- Извештај за финансиското работење на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2011;
- Годишна програма за работа на Агенцијата во 2013 година;
- Финансискиот план на Агенцијата за 2013 година;
- 3 упатства
- 4 правилници;
- 4 одлуки;

*Даде согласност/одобрение на:*

- 6 барања од пензиските друштва кои се однесуваат на одобрување на измена на Статут на пензиски фонд, одобрение за избор на лица со посебни овластувања и одговорности во пензиско друштво и согласности за избор на брокери.

### II.3 Финансирање на Агенцијата

Работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се финансира од надоместоците кои Агенцијата ги наплатува од пензиските друштва.

Во Законот е пропишано дека висината на наведените надоместоци ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на кои согласност дава Собранието на Република Македонија и истите се објавуваат во “Службен весник на Република Македонија”.

Со Законот за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 50/2010) се намали највисокиот месечен процент на надоместокот кој Агенцијата го наплатува од пензиските друштва од 2,5% на 0,8% од уплатените придонеси во сите пензиски фондови со кои управуваат друштвата.

Така и за 2012 година Агенцијата остана во рамките на законски утврдениот максимум од 0,8% од уплатените придонеси во сите пензиски фондови со кои управуваат друштвата. За висината на надоместокот за 2012 година беа

изготвени анализи на расходната и приходната страна од финансирањето на Агенцијата. За расходната страна беа користени предвидените расходи на Агенцијата согласно Финансискиот план на Агенцијата за 2012 година и Програмата за работа за 2012 година, додека за приходната страна беа изготвени анализи врз основа на проекциите на приливите на придонеси во задолжителните и доброволните пензиски фондови (кои се основа за пресметка на надоместокот).

За очекуваниот прилив на придонеси беа користени проценки за прилив на придонеси во задолжителните и во доброволните пензиски фондови во 2012 година. За приливот на придонесите во вториот столб беа користени актуарските проекции на Актуарската единица во Фондот на ПИОМ (две сценарија – базично и песимистичко). За приливот на придонеси во третиот столб беа користени реалните податоци од приливите во 2011 година и проценки за 2012 година, кои се уште се незначителни од аспект на финансирање на Агенцијата бидејќи третиот столб се наоѓа во иницијална фаза на негова операционализација и очекуваниот прилив на доброволни придонеси е мал. Сепак, Агенцијата и за третиот столб, како и за вториот столб, има исти обврски во однос на регулирање и супервизија на друштвата, доброволните пензиски фондови и чуварите на имот кои функционираат во рамките на третиот столб, поради што се утврдува иста висина на надомест за пензиските друштва пресметан врз основа на придонесите во задолжителните и врз основа на придонесите во доброволните пензиските фондови.

Преку пресметка на соодносот помеѓу планираните расходи за 2012 година(33 милиони денари) и проектираните придонеси (околу 3,9 милијарди денари) и земајќи ги во предвид заштедите од претходни години добиена е предложената висина на надоместокот од придонеси од 0.8%.

# III. Реализирани активности во извештајниот период

## III. 1 Супервизија на пензиските друштва и пензиските фондови

### Вонтеренска супервизија

Во текот на 2012 година се вршеше континуирана вонтеренска контрола на работењето на пензиските друштва, задолжителните пензиски фондови и доброволните пензиски фондови врз база на извештаи и информации доставени од пензиските друштва и останатите институции вклучени во системот, како што се Фондот на ПИОМ и чуварите на имот на пензиските фондови.

Предмет на контрола беа следниве области:

1. Агенцијата на дневна основа, во функција на проактивна контрола, ги извршуваше следниве активности:

- Контрола на распределбата на придонесите на индивидуалните сметки на членовите во задолжителните пензиски фондови
- Контрола на надоместоците што ги наплатуваат пензиските друштва
- Контрола на инвестициските активности за:
    - квалитативните ограничувања во врска со вложувањата во финансиските инструменти, согласно Правилниот за инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови и Правилникот за инвестирање на средствата на доброволните пензиски фондови
    - склучените трансакции од страна на Друштвото: цена, количина, пазар на кој е склучена трансакцијата, посредник, посредничка провизија за склучените трансакции во текот на претходниот работен ден за задолжителните и за доброволните пензиски фондови
    - исполнувањето на квалитативните критериуми по инструмент и законските ограничување по класи на инструменти, за инструментите кои се веќе во портфолиото на пензискиот фонд.
    - во насока на заштита на интересите на членовите, на барање на пензиските друштва, Агенцијата го продолжи рокот за усогласување на инвестиционите активности на задолжителните и доброволните пензиски фондови за дополнителни 18 месеци (максималниот рок утврден согласно Закон), за акции и депозити кои се наоѓаат во портфолиото на задолжителните и доброволните пензиски фондови. Со исклучок на еден инструмент чија продажба е оневозможена поради недоволната ликвидност на пазарот на капитал, сите останати се во рамките на рокот за усогласување на инвестиционите активности.

- Контрола на проценката на вредноста на средствата и обврските на пензиските фондови за состојбата на претходниот работен ден за задолжителните и за доброволните пензиски фондови

- Контрола на пресметка на вредноста на сметководствената единица, бројот на сметководствени единици и вредноста на нето средствата на пензиските фондови за состојбата на претходниот работен ден за задолжителните и за доброволните пензиски фондови. Агенцијата за секој датум на проценка (секој ден), ги одобрува вредноста на сметководствената единица, бројот на сметководствени единици и вредноста на нето средствата на задолжителните пензиски фондови, а ја проверува и вредноста на сметководствената единица, бројот на сметководствени единици и вредноста на нето средствата на доброволните пензиски фондови врз база на податоците за поединечни уплатени придонеси и надоместоци добиени од пензиските друштва. На својата интернет страна Агенцијата ја објавува вредноста на сметководствената единица за секој пензиски фонд (задолжителен и доброволен).
- Контрола на пренос на средства меѓу задолжителните пензиски фондови – премин од еден во друг пензиски фонд од посебна на индивидуална сметка, премин од еден во друг пензиски фонд или во Фондот на ПИОМ заради раскинување на договор за членство .
- Контрола на исплатата од задолжителните пензиски фондови кон Фондот на ПИОМ по основ на инвалидска или семејна пензија и контрола на исплатите по основ на наследство .
- Контрола на исплата на пензиски надомест од доброволните пензиски фондови –по настанување.

При секојдневните контроли на работењето на друштвата беа откривани определени грешки и неправилности, на кои Агенцијата преку проактивната контрола им укажуваше на друштвата со цел подобрување на деловните процеси, по кои веднаш се постапуваше од страна на пензиските друштва и чуварите на имот.

2. На квартална основа Агенцијата вршеше супервизија на пензиските друштва за следното:

- Сметководството и финансиските извештаи на задолжителните пензиски фондови, доброволните пензиски фондови и пензиските друштва.
- Минималниот износ на ликвидни средства кои треба да ги одржуваат пензиските друштва.
- Минималниот износ на главнина кој треба да го одржуваат пензиските друштва.

3. Како дел од редовните вонтеренски контроли, согласно *Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакции со хартии од вредност*, Агенцијата вршеше контрола на податоците доставени од друштвата и чуварите на имот за трансакциите со хартии од вредност на лицата со пристап до доверливи информации и нивните поврзани лица и на трансакциите на пензиските друштва. Друштвата и чуварите на имот доставуваат до Агенцијата податоци за склучени трансакции на секои 180 дена. При тоа не се утврдени неправилности при контролата на податоците. Исто така, Агенцијата вршеше

проверка на Извештаите за акционерски собранија, кои друштвата ги доставуваат до Агенцијата за собранијата на акционери на кои се обврзани да присуствуваат.

При проверка на податоците за склучените трансакции со хартии од вредност на лицата со пристап до доверливи информации и нивните поврзани лица, Агенцијата констатираше дека нема сомнителни трансакции. Агенцијата утврди дека во деновите (вклучувајќи 5 дена пред извршување на трансакцијата) кога овие лица вршеле трансакции не се тргувало со истите хартии од вредност за пензискиот фонд за кои имаат доверливи податоци. Од страна на пензиските друштва тргува во свое име и за своја сметка во рамки на 5 дена од тргувањето за сметка на пензискиот фонд (купување), со исти хартии од вредност, меѓутоа секогаш по иста цена за пензискиот фонд. При тоа, значително поголеми количини се купувани за пензиските фондови.

Агенцијата ги проверуваше и трансакциите со хартии од вредност на вработените лица во Агенцијата со пристап до доверливи информации и при тоа констатираше дека не се пријавени трансакции со хартии од вредност од страна на вработените на Агенцијата.

4. Одобрување на договори со правни лица за вршење на услуги со хартии од вредност- Во 2012 година Агенцијата разгледуваше две барања од друштвата за одобрување на договори со правни лица за вршење на услуги со хартии од вредност. Друштвата ја доставија бараната документација при што Агенцијата даде согласност на договорите со брокерските куќи.

5. Контрола на процесите на маркетинг на пензиските друштва – проверка на објавени маркетинг материјали, проверка на интернет страните на пензиските друштва, проверка на задолжителните објави, како и активности на пензиските друштва поврзани со работи на маркетинг. Во текот на 2012 година, Агенцијата изврши проверка на вкупно 182 предмети кои се однесуваа на работи на маркетинг на пензиските друштва. И при тоа, Агенцијата издаде две укажувања до пензиските друштва за маркетинг активностите. Друштвата постапија по укажувањата на Агенцијата.

6. Контрола на зачленувањето во пензиските фондови – начинот на склучување на договори за членство, постапувањето по поднесоци за раскинување на договорите за членство во задолжителен пензиски фонд и контрола на работењето на агентите. При контролите не се утврдени незаконитости.

7. Во 2012 година Агенцијата вршеше редовни проверки на усогласеност на податоците од својот Регистар на членови со Регистрите на членови на пензиските друштва. Од контролата произлегоа разлики во членовите, кои настанале поради технички грешки при нивното вчитување и истите беа отстранети во најкус можен рок.

- Во 2012 година Агенцијата изврши контрола на агенти и достави вкупно 585 писма до членовите со кои агентите ги склучиле договорите. Кон агентите не се превземени мерки бидејќи не беа утврдени неправилности во работењето врз основа на писмениот прашалник кој го пополнуваат членовите.
- Со почетокот на функционирањето на третиот столб Агенцијата започна со редовна проверка на членовите кои пристапуваат во доброволното

капитално финансирано пензиско осигурување. Контролата се вршеше месечно на доставени податоци од друштвата при што се проверуваше валидноста на бројот на договорот, постоењето на друга сметка, возраста на членот, агентот кој го склучил договорот, дали членот е корисник на старосна или инвалидска пензија (по добиена информација од Фондот на ПИОМ по електронска пошта) и дали членот повлекува средства од втор и третиот столб. При контролите не се утврдени незаконитости.

- Агенцијата спроведе контрола на доброволни членови во задолжителните пензиски фондови, односно членови кои имале прво вработување пред 2003 година, од аспект на нивната информираност за пресметката на заменската стапка за работниот стаж остварен до моментот на склучување на договор за членство. За потребите на овој предмет остварена е соработка со Фондот на ПИОМ за потврда на работниот стаж на лицата, побарани се контакти од членовите од пензиските друштва и министерството за внатрешни работи и се започна со контактирање на членовите. Активностите по овој предмет продолжуваат и во 2013 година.

8. Пензиските друштва се должни согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување да формираат единица за внатрешна ревизија. Единиците за внатрешна ревизија изготвуваат извештаи за извршените контроли и истите се должни да ги доставуваат до Агенцијата, при што, Агенцијата го следи работењето на друштвата преку доставените извештаи и ги лоцира можните ризици во работењето на друштвата. За 2012 година Агенцијата е известена за спроведени 8 внатрешни ревизии во друштвата по кои ревизорот доставил препораки до раководството и по кои раководствата на пензиските друштва веднаш постапиле, односно во текот на 2012 година Агенцијата не констатираше неправилности во овој дел од Работењето на друштвото.

Агенцијата во текот на годината редовно ги следеше контролираше активностите што се преземаа од страна на членовите на Надзорниот и Управниот одбор на пензиските друштва, нивната усогласеност со останатата регулатива во Република Македонија, запишувањето на измените во Централниот регистар на Република Македонија и поврзаноста на овие лица со компаниите во кои инвестираат пензиските фондови.

Во текот на 2012 година Агенцијата не констатираше неправилности во овој дел од работењето на друштвото.

*<u>Теренска контрола на пензиските друштва и пензиските фондови</u>*

Во вториот и третиот квартал на 2012 година, беше извршена редовна теренска контрола на работењето на двете пензиски друштва и нивното управување со средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови (институционална и финансиска контрола), согласно Годишниот план на Агенцијата за контрола на работењето на пензиските друштва за 2012 година. Во периодот на вршење на теренска контрола, двете друштва функционираа како друштва за управување со задолжителни и доброволни

пензиски фондови и управуваа со по еден задолжителен и еден доброволен пензиски фонд. Контролата беше изведена непосредно во просториите на двете друштва и продолжи посредно во Агенцијата.

За прв пат во 2012 теренската контрола беше воспоставена врз основа на оценка на ризик. Упатствата за контрола врз основа на оценка на ризик беа подготвени од страна на Агенцијата во соработка консултантот од ИПА проектот кој работеше на воведување на супервизија врз основа на оценка на ризик во капитално финансирано пензиско осигурување..

Согласно воспоставената супервизија, ризиците беа поделени на седум групи, и преку оценка на ризикот се насочи и теренската супервизија на поризичните области.

Контролата на пензиските друштва ги вклучува следните аспетки на нивното работење:

- Управување и надзор на друштвата;
- Капитал и солвентност на друштвата;
- Усогласеност со законските прописи и интерните акти на друштвото;
- Евиденција на членство и придонеси;
- Маркетинг активности;
- Информирање на членството;
- Инвестициските активности на друштвото со средствата на пензиските фондови;
- Давање и земање на заеми и гаранции од/за пензиските фондови;
- Евиденција на промени и состојба на индивидуални сметки на членовите на пензиските фондови;

Контролата беше извршена преку увид во дел од документацијата на двете друштва, преку тестирање и преку интервјуирање на претставници од друштвата.

При контролата кај ниту едно од двете друштва не беа констатирани незаконитости во нивното работење, ниту во управувањето со пензиските фондови.

Врз основа на констатациите и забелешките од извршената контрола на двете друштва, а земајќи ги во предвид добрите деловни обичаи, како и потребата за континуираното подобрување на работењето на друштвата со цел унапредување и развој на капитално финансираното пензиско осигурување и заштитата на интересите на членовите на пензиските фондови, препораките на Агенцијата во смисла на подобрување на работењето на друштвата и нивното управување со средствата на пензиските фондови се однесуваа на:

- Јасно дефинирана стратегија на работење на друштвата;
- Зајакнување на интерните процедури и контроли на друштвата;
- Подобрување на процедурите на друштвото за контрола на агентите;
- Интерни документи, процеси односно функција на управување со ризиците на пензиските фондови;
- Дефинирање и мерење на изборот на примарен репер во инвестиционите стратегии;
- Доследно и целосно почитување на самоограничувањата и зацртаните цели во Стратегијата и Тактиката за инвестирање на средствата на пензиските фондови;

- Дефинирање на процесите и активностите на *Middle office* делот за инвестирање на средствата на пензиските фондови.

## III.2 Закони и подзаконски акти

Во текот на 2012 година Агенцијата учествуваше во изработка на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, чиј предлагач е Министерството за труд и социјална политика.

Во 2012 година Агенцијата ги изготви и донесе следните подзаконски акти кои се однесуваат на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување:

1. Правилник за измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи на пензиското друштво;
2. Правилник за измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за маркетинг на пензиските фондови;
3. Правилник за измена на Правилникот за начинот и постапката на пренос на средствата во случај на инвалидност или смрт на член и времено распределен осигуреник во задолжителен пензиски фонд и пренос на средствата на член и времено распределен осигуреник кој го отповикал утврдениот статус.
4. Стручно упатство за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства;
5. Техничко упатство за доставување на годишна архива и технички извештаи од базите на податоци кои ги одржуваат пензиските друштва; и
6. Упатство за пополнување на колоната за опис на трансакција и дополнителниот текстуален опис на трансакцијата во извештаите за доброволна индивидуална сметка и за професионална сметка.

Исто така Агенцијата донесе нов Правилник за дисциплинска и материјална одговорност на вработените во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

## III.3 Постапувања поврзани со права на членови, претставки и предлози

*<u>Известување на трајно и времено распределени лица во задолжителен пензиски фонд</u>*

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата времено ги распределува во задолжителен пензиски фонд осигурениците кои не се зачлениле во задолжителен пензиски фонд, а биле обврзани на тоа. При распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови Агенцијата еднаш месечно утврдува пондер за секој задолжителен пензиски фонд според приносот на задолжителниот пензиски фонд и висината на надоместокот од придонесите уплатени во задолжителен пензиски фонд. Секој осигуреник има право, три месеци по стапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, да потпише договор за членство во задолжителен пензиски фонд по сопствен избор, а

доколку не потпише договор останува член на задолжителниот пензиски фонд во кој бил распределен од Агенцијата. Согласно законските обврски, Агенцијата ги информира времено распределените осигуреници за задолжителниот пензиски фонд во кој се распределени. Информацијата се доставува како писмо на име на времено распределен осигуреник на домашна адреса, а домашните адреси на осигурениците Агенцијата ги добива од Министерството за внатрешни работи врз основа на склучен договор за соработка. Агенцијата редовно ја спроведува оваа законска обврска и за таа цел е развиено и софтверско решение за печатење на известувањата.

Во текот на 2012 година Агенцијата испрати вкупно 10.558 писмени известувања до лица кои се времено распределени во задолжителен пензиски фонд.

## *Постапувања по барања*

Во текот на 2012 година Правниот сектор во Агенцијата постапуваше по барања од: осигуреници, членови на задолжителен пензиски фонд, агенти и пензиски друштва и предлагаше до директорот на Агенцијата преземање конкретни активности и мерки. Во најголем дел се вршени корекции на личните податоци, внесувани се договори за членство во Регистарот на членови и водени се управни постапки заради остварување на правата и заштита на интересите на осигурениците и членовите на задолжителните пензиски фондови.

Врз основа на законската обврска за заштита на интересите на членовите во 2012 година до Агенцијата пристигнати се 20 барања од членови и пензиски друштва, при што Агенцијата донесе 17 решенија за поништување на регистрацијата на 17 членови од Регистарот на членови во вториот столб. Ваквите решенија Агенцијата ги спроведуваше врз основа на постапка спроведена според *Законот за општа управна постапка*. Имено, во најголем број случаи се работеше за лица кои во законскиот рок доставиле поднесок за раскинување на склучен договор за членство во задолжителен пензиски фонд и лица со бенефициран стаж кои поради неточна евиденција во Фондот на ПИОМ станале членови во задолжителен пензиски фонд. Агенцијата донесе 3 решенија за одбивање на барања на членови за поништување на нивната регистрација во Регистарот на членови во вториот столб поради тоа што барањата до Агенцијата беа доставени по истекот на предвидените законски рокови.

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување кога починатиот член на задолжителен пензиски фонд нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, средствата од сметката на тој член стануваат дел од неговата оставинска маса и со тие средства се постапува согласно Законот за наследување. Барањата за исплата на овие средства заедно со соодветната документација, пензиските друштва ги доставуваат до Агенцијата заради одобрување на исплатата. Во текот на 2012 година Агенцијата одобри пренос на средства на 32 починати члена, по основ на наследство, од нивните индивидуални сметки во пензиските фондови, на сметките на соодветните наследници. Од ноември 2012 година, за барањата за исплата на средствата од индивидуалната сметка на починат член на задолжителен пензиски фонд се спроведува постапка според *Законот за*

*општа управна постапка* и Агенцијата донесе вкупно 6 Решенија за одобрение на овие барања.

Во текот на 2012 година имаше премин на членови од еден во друг задолжителен пензиски фонд по сопствен избор на членовите, преку потпишување на времен договор за членство со пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој членот сака да премине. Времениот договор за членство се доставува до Агенцијата која членот го известува со формулар дека за премин од еден во друг пензиски фонд се плаќа надоместок кога членот членувал во постојниот пензиски фонд пократко од 24 месеци. Преминот се извршува само доколку членот го врати формуларот на Агенцијата, со што потврдува дека се согласува да биде извршен преминот.

Во текот на 2012 година во Агенцијата се пристигнати и одобрени вкупно 153 формулари за согласност за премин од еден во друг задолжителен пензиски фонд и тоа 97 члена потпишале согласност за премин во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд и 56 члена потпишале согласност за премин во Отворен задолжителен пензиски фонд - НЛБ Пензиски фонд. Во овој период се реализираа вкупно 173 трансфери на членови и средства од еден во друг задолжителен пензиски фонд од кои 20 трансфери се реализирани на почетокот на 2012 година врз основа на формулари за согласност кои во Агенцијата пристигнале во 2011 година. Воедно, надоместок за премин во 2012 година платиле 4 члена и тоа двајца за премин во КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд и двајца за премин во Отворен задолжителен пензиски фонд - НЛБ Пензиски фонд.

*Постапувања по претставки и предлози*

Во текот на 2012 година до Агенцијата пристигнаа вкупно 32 претставки и предлози, кои во најголем дел се претставки од осигуреници на кои не им е регулиран статусот или распределбата во еден од задолжителните пензиски фондови. На сите претставки и предлози Агенцијата одговори соодветно и во согласност со *Законот за постапување по претставки и предлози.*

## III. 4 Активности поврзани со агенти на пензиските друштва

Согласно *Правилникот за начинот и постапката за полагање испит за стекнување својство агент и за запишување на лицето во регистарот на агенти*, Агенцијата организира четири редовни испитни сесии во текот на една календарска година. Испитот се полагаше писмено, со содржина утврдена во програмата за полагање на испитот, што ја изготвува Агенцијата. Согласно оваа програма, секој кандидат кој освоил најмалку 70% од вкупните бодови на тестот го положил испитот.

Во текот на 2012 година, Агенцијата ја ажурираше *Програмата за полагање на испит за лицата кои ќе вршат маркетинг*, со измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и измените на подзаконските акти.

Во 2012 година испитот го полагаа вкупно 178 кандидати од двете друштва од кои 86 го положија испитот.

Согласно Законот за заштита на лични податоци, личните податоци може да се користат само во време кое е неопходно за остварување на одредената цел.

По истекот на неопходното време, личните податоци мораат да се бришат освен ако со друг закон поинаку не е уредено. Во конкретниот случај, Агенцијата ги користи личните податоци на лицата кои сакаат да стекнат својство на агент во периодот потребен за полагање на испит и евидентирање на агентите во информатичкиот систем на Агенцијата. Со заокружување на процесот за внес на лични податоци на лицата кои полагале испит за стекнување својство на агент во информатичкиот систем на Агенцијата, престанува потребата од чување на тестовите од испитите. Заради тоа Комисијата за полагање на испит за стекнување својство на агент ги уништуваше тестовите од испитите за стекнување својство на агент.
Во 2012 година, Агенцијата изврши регистрација на 99 агенти од кои 23 агенти на КБ Прво пензиско друштво и 76 на НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД. Исто така беше извршена и годишна обнова на регистрацијата на агентите и тоа за вкупно 704 агенти од кои 299 агенти на КБ Прво пензиско друштво и 405 на НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД. На 61 агенти им беа прекинати договорите и тоа на 48 агенти на КБ Прво пензиско друштво и на 13 агенти на НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД.

## III.5 Развивање на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување и правата на членовите на пензиските фондови

*Активности во насока на развивање на свеста на јавноста*

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, во рамките на своите надлежности за развивање на свеста на јавност за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување и правата на членовите на пензиските фондови, имаше повеќе активности во текот на 2012 година кои вклучуваа едукација на јавноста (преку медиумски настапи) со цел зголемување на свесноста и информираноста на осигурениците за системот. Настапите на медиумите беа на повеќе теми од областа на капитално финансираното пензиско осигурување беа, а објавени и написи во пишаните медиуми (соопштенија и интервјуа во пишани медиуми и интервјуа за радио и телевизија).

На 6 април 2012 година во просториите на МАПАС се одржа Прес конференција за медиумите на тема запознавање на јавноста за предложеното законско решение на Владата на РМ за институционална независност на МАПАС.

На 10 и 11 мај 2012 година, во Скопје, се одржа Втората регионална работилница за пензиска супервизија организирана од ИОПС (Меѓународна организација на пензиски супервизори) и Заедничкиот семинар на ИОПС и ИАИС (Меѓународното здружение на супервизори на осигурување) за меѓусекториски прашања. Овој настан за прв пат се организира во Република Македонија и на него учествуваа претставници од 15-тина земји од регионот и пошироко. Главна тема на Работилницата беше супервизијата заснована на оценка на ризик. Исто така на оваа работилница се дискутираа актуелни прашања од пензиската област, развојот и предизвиците во пензиските системи, инвестициите, надоместоците, итн. и имаше размена на супервизорски искуства.

Во јуни 2012 година се одржа прес конференција на која беше презентиран шестиот годишен извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување. Свое обраќање до присутните имаше директорот на Агенцијата, кој ги појасни карактеристиките на капитално финансираното пензиско осигурување, најзначајните податоци од капитално финансираното пензиско осигурување, оценка на извршувањето на прописите во областа на капитално финансирано пензиско осигурување и други податоци од значење за ова осигурување. Извештајот беше доставен до медиумите и до релевантните институции.

На 5 декември 2012 г., во рамките на ФИНЕКСПО 2012, се одржа тркалезна маса организирана од Асоцијацијата на друштва за управување со приватни пензиски фондови на тема: “Состојби и перспективи на реформираниот пензиски систем во Република Македонија” на која учествуваа претставници од Министерството за труд и социјална политика, претставници од пензиските друштва, претставници од МАПАС и професори и студенти од академската заедница на Р.Македонија. На тркалезната маса се дискутираше на теми поврзани со пензиската реформа во РМ, на која свое излагање имаше и директорот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, д-р Булент Дервиши на тема Супервизија врз основа на оценка на ризик како проактивен пристап за ублажување или отстранување на потенцијалните ризици во системот.

### III.6 Истражување на јавното мислење

Од ноември 2012 година започна да се спроведува истражување на јавното мислење за реформираниот пензиски систем во Република Македонија. Истражувањето го вршеше Институтот за политички истражувања – Скопје (ИПИС) зво соработка со Министерството за труд и социјална политика и МАПАС. Во текот на 2012 година заврши првата фаза од истражувањето, додека втората фаза ќе се реализира во почетокот на 2013 година.

Целта на истражувањето е да се подигне јавната свест и да се подобри информираноста за пензискиот систем и за правата и обврските на членовите на вториот и третиот столб, од една страна, како и да се обезбедат информации за институциите во рамки на пензискиот систем на Република Македонија за преземање дополнителни активности во насока на подобрување на нивното работење и излегување во пресрет на интересите на членовите, од друга страна.

Истражувањето беше спроведено од ИПИС преку директни интервјуа со членовите на вториот и третиот столб, агенти на пензиските друштва и експерти (во првата фаза), додека во втората фаза ќе се разговара со фокус групи составени од членови на вториот и третиот столб во Скопје и неколку градови во Република Македонија.

МАПАС зеде активно учество во подготовка на прашалниците за интервјуата и фокус групите, прашалниците за регрутирање на учесниците, изготвување статистички примероци на испитаници и останати попратни материјали потребни за истражувањето.

## III.7 Статистичка анализа и изработка на извештаи за капитално финансирано пензиско осигурување

Агенцијата во текот на 2012 година континуирано вршеше статистичка анализа за капитално финансираното пензиско осигурување, односно за функционирањето на пензиските друштва, задолжителните пензиски фондови и доброволните пензиски фондови. За таа цел редовно се изготвуваа и објавуваа месечни билтени, квартални статистички извештаи и годишен статистички извештај. Овие извештаи содржат податоци за дистрибуцијата на членството во задолжителните и доброволните пензиски фондови според нивниот статус (доброволни или задолжителни членови во втор столб односно членови со доброволни индивидуални сметки или со професионални сметки во третиот столб), старосна и полова структура на членството, уплатени придонеси во вториот и третиот столб, наплатени надоместоци и висина на нето средствата на задолжителните и на доброволните пензиски фондови, вредност на сметководствените единици на задолжителните на доброволните пензиски фондови и структура на инвестициите на имотот на задолжителните и на доброволните пензиски фондови.

Во 2012 година особено внимание беше посветено на изработката на *Извештајот за состојбите во капитално финансирано пензиско осигурување за 2011 година*, кој е законска обврска на Агенцијата. Извештајот содржи опис на структурата на капитално финансираното пензиско осигурување, детален опис, информации и податоци за финансиското работење на пензиските друштва,  задолжителните пензиски фондови и доброволните пензиски фондови. Во врска со пензиските фондови Извештајот вклучува информации и податоци за членството, преминот меѓу фондови, придонесите, инвестирањето, средствата, сметководствената единица, надоместоците и исплатата на пензиите и пензиските надоместоци, поодделно за секој вид пензиски фонд – задолжителен или доброволен.

Исто така, Извештајот содржи и информации во врска со маркетингот и агентите на пензиските друштва, осврт на најзначајни измени и дополнувања на законските и подзаконските акти кои го уредуваат задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување и информации за почитувањето на законите и подзаконските акти. Во Извештајот е вклучен и краток преглед на светските состојби и трендови во пензиската област со акцент на капитално финансираното пензиско осигурување.

Во прилог на Извештајот дадени се и голем број статистички податоци. Извештајот беше разгледан и прифатен од Управниот одбор на Агенцијата, истиот беше и објавен на веб страната на Агенцијата и отпечатен и доставен до релевантни лица и институции со кои соработува Агенцијата. Потоа, во јуни 2012 година беше одржана и прес конференција за промоција на Извештајот пред медиумите и пошироката јавност во Република Македонија.

Покрај горенаведените активности, беа реализирани и неколку истражувања и изготвени компаративни анализи и мислења за теми релевантни за капитално финансираното пензиско осигурување. Беше изготвена анализа на можноста за намалување на висината на надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва кои управуваат со  задолжителен пензиски фонд, како и истражувања со цел следење на новостите, трендовите и движењата во пензиската и други релевантните области со анализи на нивните влијанија врз капитално финансираното пензиско осигурување и можностите за развој и унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување.

## III.8 Развој на деловните процеси и софтверската апликација

Во текот на 2012 година Агенцијата продолжи да ги развива деловните процеси на МАПАС поврзани со функционирањето на вториот и третиот столб (ажурирање и унапредување);

Паралелно со измените во постојните деловните процеси, се вршеа и соодветни дополнувања и измени на софтверските решенија/модули за соодветните деловни процеси.

Особен напредок и зајакнување во делот на деловните процеси беше нивното документирање направено во рамките на ИПА проектот како предуслов за добивање на Сертификатот ИСО 9001.

## III.9 Информатички капацитет на Агенцијата

Во текот на 2012 година Агенцијата тековно вршеше администрација на информатичкиот систем на Агенцијата, оптимизација на оперативната база на податоци, администрација и одржување на базата на податоци и на апликацискиот сервер, на оперативните системи и на хардверскиот систем, како и одржување на софтверската апликација, во соработка со софтверската куќа ангажирана за одржување на истата.

Исто така, тековно се администрираше и одржуваше постојната хардверска опрема составена од серверски машини на кои работи софтверската апликација, персоналните компјутери и преносните компјутери.

Поконкретно, главните активности на ИТ одделението во 2012 година беа следниве:

- Инсталацијата и интеграција на „Check Point Security “ безбедносен систем во мрежата на Агенцијата.
- Дизајн и воспоставување на нов „domain“ во Агенцијата на нови Windows 2008 R2 сервери и 64 bit-на архитектура.
- Подготовка на Техничко упатство за доставување на годишна архива на пензиските друштвата/пензиските фондови. За прв пат во Агенцијата се дефинирани xsd шеми за валидација на податоци во xml датотеки пред тие да се достават до Агенцијата.
- Подготовка на инфраструктура на SQL Server за обработка на годишната архива на Друштвата – Пензиските фондови
- Активности поврзани со воспоставување на ISMS во Агенцијата со крајна цел добивање на ISO 27001 сертификат
- Преселба на ИТ инфраструктурата на Агенцијата во новите простории
- Проект за промена на ЕМБГ на членови на пензиски фондови и порамнување на индивидуални сметки
- Изработка на интегриран стратешки план на одделението
- Генерален дизајн на системот со цел исполнување на целите произлезени од ИПА проектот
- Обезбедување на персонални сертификати за електронско потпишување како и веб сертификат за порталот на Агенцијата

- Спроведување на одлуката на НБРМ за укинување употребата на дените во платниот промет (за најнискиот апоен на денарите).
- Промена на начинот на доставување на договорите за членство и трансфери во задолжителните пензиски фондови преку воведување на нови CON101 датотеки.
- Со ИПА проектот значително е олеснета работата на сите ентитети во системот и извршено е оптимизација на ИТ ресурсите.

### III.10 Градење и јакнење на капацитетот на човечките ресурси на Агенцијата

Вработените во Агенцијата имаа можност да ја продолжат својата професионална едукација преку учество во процесот на обуки и преку посета на конференции. Во текот на 2012 година, вработените на Агенцијата во голема мера се обучуваа во рамките на Проектот за поддршка на агенцијата, финансиран од ИПА.

*Обука во земјата, учество на семинари и конференции*

- Обука за актуар во организација на Агенција за супервизија на осигурување (започната на крај на 2011 година, во траење од две години)
- Семинар за пензиски системи во организација на Меѓународната организација на трудот (МОТ), одржан во Скопје
- Семинар за сметководство
- Семинар за „Закон за архивски материјал -Нов закон во легислативата на Република Македонија“Обука на тема Заштита на личните податоци и имплементација за заштита на личните податоци во практика
- Учество на Тринаесетта годишна конференција на Македонската берза
- Тројца вработени од Агенцијата се стекнаа со сертификати за инвестициски советници
- Обука за ИСМС, за сертификација на Водечки Имплементатор за ISO 27001

*Обука во странство и учество на конференции*

- Состанок на Техничкиот комитет на ИОПС, одржан во Лондон
- Состанок на Техничкиот комитет на ИОПС, состанок на Работната група на ОЕЦД за приватни пензии (OECD WPPP) и Семинар на НЕТСПАР за адекватност на пензиите, одржани во Париз
- Обука на тема: Политиката на Европска унија за внатрешен пазар, одржана во Брисел
- Обука на тема: Супервизија базирана на ризик во осигурувањето, во организација на ОЕЦД во Париз
- Обука за Check Point Security Administrator R75, одржан во Љубљана

## III.11 Соработка со институции од земјата и од странство

*Склучени меморандуми за соработка*

Заради обезбедување на ефикасна супервизија и регулатива на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување соработува со повеќе институции од финансискиот и пензискиот сектор во земјата и во странство. Во таа насока, во текот на 2012 година беа склучени два меморандума за соработка со релевантни институции.

На 14.09.2012 година, МАПАС беше домаќин на претставници од Романската комисија за супервизија на приватниот пензиски систем, при што беше потпишан меморандум за соработка меѓу двете институции и беа одржани презентации на македонскиот и романскиот пензиски систем.

Исто така во ноември 2012 година, на покана на Агенцијата, претставници на Централната банка на Република Косово - супервизија на финансиски институции беа поканети на прославата по повод 10-гоидшнината на Агенцијата. За време на нивното гостување се потпиша и Меморандумот за соработка меѓу двете институции.

Во декември 2012 година МАПАС, и Телото за финансиска супервизија (**АМФ**) од Република Албанија потпишаа Меморандум за соработка. Согласно со Меморандумот за соработка, договорните страни ќе разменуваат искуства стекнати во полето на капитално финансираното пензиско осигурување, работењето на пензиските фондови, механизмите на супервизија на пензиските фондови и усвоената регулатива и правните мерки. Техничката соработка ќе се состои од размена на документи, билатерална помош со цел размена на искуства од заеднички интерес, како и соработка во полето на едукација, истражување, обуки и развој од заеднички интерес.

*Соработка со институции од земјата*

Во текот на 2012 година продолжи редовната соработка со институциите во земјава со кои Агенцијата има склучено меморандуми за соработка преку остварување работни средби за размена на искуства, учество на семинари и конференции и редовна размена на релевантни извештаи.

Агенцијата има претставник во две работни групи поврзани со усогласување на Македонското со Европското законодавство и тоа: Реформа во финансискиот сектор и Финансиски услуги. Агенцијата активно учествува во изготвување на Национална програма за усвојување на правото на Европската унија и Извештајот за напредокот на Република Македонија, како и на работните состаноци и поткомитети. Исто така, Агенцијата има претставник кој учествува во изготвување на Претпристапната програма на Република Македонија, која годишно се доставува до Европската Унија.

На иницијатива на Народната банка на Република Македонија, секој квартал се одржуваат работни средби меѓу претставниците на финансиските супервизорски органи во Република Македонија: Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Народната банка на Република Македонија, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано

пензиско осигурување и Министерството за финансии. На средбите се разгледуваат најзначајните тековни активности на овие институции, како и најновите движења во осигурителниот и банкарскиот сектор, пазарот на капитал, како и кај пензиските фондови, финансискиот лизинг и финансиските друштва. Се дискутираат и најновите измени во регулаторната рамка за сегментите од финансискиот сектор. Ваквите средби имаат за цел, преку унапредување на соработката помеѓу регулаторните и супервизорските органи, да придонесат за одржувањето на сигурен и стабилен финансиски систем, што е и актуелна меѓународна практика.

*<u>Соработка со институции од странство и меѓународни организации</u>*

Како членка на ИОПС - Меѓународната организација на супервизори на пензиски фондови, која околу 50 земји - членки и набљудувачи од целиот свет кои ги опфаќаат сите нивоа на економски развој и кои ги соединуваат сите типови на пензиски и системи на супервизија, Агенцијата редовно учествува на конференциите и ги користи материјалите и упатствата изготвени од ова тело, со цел размена на информации и искуства и следење на светските стандарди и позитивните практики во областа на супервизијата на пензиските фондови. Агенцијата ги следи и стандардите за супервизија на ИОПС со цел унапредување на квалитетот и ефективноста на супервизијата на приватните пензиски фондови, со што ќе се засили нивниот развој и оперативна ефикасност и ќе се овозможи сигурен извор на пензија.

## III.12 ИПА проект

Агенцијата и во текот на 2012 година, како и во 2011 година, зеде активно учество во ИПА Проектот „Поддршка на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување“, во рамките на кој се работеше заедно со странски и домашни консултанти на;

- воведување на супервизија базирана на ризик
- воспоставување на стратешки план на Агенцијата и
- опис и дефинирање на деловните процеси на Агенцијата
- сертификација за стандардот за квалитет ИСО 9001
- дефинирање на потребите за развој на Систем за управување со безбедноста на информациите (ИСМС)
- зајакнување на капацитетот на Агенцијата за истражување, странски пазари на капитал и странски финансиски пазари

Во рамките на ИПА проектот во текот на 2012 година, беа одржани поголем број обуки за вработените на МАПАС од страна на консултантите:

- Обуки за супервизија заснована на оценка на ризик
- Обука за методите на истражување на јавно мислење
- Обука за пазарите на капитал
- Обука за ИСМС стандарди
- Обука за ИСО стандарди

Во соработка со консултантите на Проектот, истражувачкиот тим на МАПАС изработи два под-проекти:

- Подготовка на испитување на мислењето на членовите на вториот и третиот столб, организирање и барање понуди, изработка на прашалници за интервјуа и фокус групи

- Анализа на инвестициите на пензиските фондови во Македонија

Исто така, во рамките на Проектот беа организирани и две студиски патувања:

- Студиско патување на тема Супервизија врз основа на оценка на ризик , од 28 февруари до 2 март 2012 г. во Лондон и Брајтон
- Студиско патување во Истанбул и Анкара, Република Турција, заради посета на телото за супервизија на приватните пензиски фондови во рамките на Министерство за финансии како и посета на Центарот за мониторинг на пензии.

Еден од важните документи кој се изработи со помош на консултанти од Проектот е Стратегиски план на Агенцијата за периодот од 2012 до 2014 година и истиот беше донесен од страна на Управниот одбор на МАПАС.

## III.13 Сертификација за ИСО 9001:2008

Со донесувањето на **Политиката за квалитет** на 24.04.2012 година, МАПАС започна со имплементација на стандардот ИСО 9001:2008. Воедно, директорот на МАПАС назначи лице одговорно како Претставник на раководството за квалитет и Тим за квалитет кој содржи најмалку по две лица од секој сектор.

Имплементацијата на стандардот се одвиваше во рамки на ИПА проектот со помош на локален консултант. За потребите на стандардот беа изготвени оперативни процедури на МАПАС со активно учество на сите вработени на МАПАС и стандардни процедури на ИСО 9001:2008. Процедурите (вкупно 101), прилозите на процедурите и Прирачникот за квалитет беа подготвени до крајот на месец октомври и беа усвоени од страна на директорот на МАПАС. На крај од месец октомври и почетокот на месец ноември се спроведе првата интерна ревизија за ИСО 9001:2008.

Надворешната ревизија се спроведе во две фази од страна на сертификациската куќа ДАС од Република Србија, која е акредитирана од UKAS (United Kingdom Accreditation Service). Првата фаза се спроведе на 20.11.2012 година, додека втората фаза се спроведе на 10 и 11.12.2012 година.

Резултатот од надворешната ревизија беше позитивен, односно сертификациската куќа ДАС препорача МАПАС да добие сертификат за стандардот ИСО 9001:2008.

На 26 декември 2012 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) се стекна со **сертификат ИСО 9001:2008.**

## III.14 Прослава на 10-годишнина од МАПАС и затворање на ИПА проектот

На 26 ноември 2012 година се одржа прославата по повод 10-годишнината од основањето на МАПАС и затворање на ИПА проектот. Свои

обраќања на настанот имаа министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, претставникот на Делегацијата на Европската Унија во Македонија, Лукас Мелка, директорот на ИПА проектот Шибај Тугсавул и директорот на МАПАС, Булент Дервиши. На настанот присуствуваа голем број гости и претставници на медиумите.

### III.15 Преселба во нов простор

По извршеното реновирање на деловниот простор кој ѝ беше доделен на Агенцијата на трајно користење од страна на Владата на Република Македонија, во месец ноември Агенција започна со работа во новите деловни простории. Со преселбата, покрај тоа што Агенцијата се стекна со поголем и модерен простор, се обезбеди и голема заштеда на трошокот за закупнина кој се плаќаше во изминатите години.

Претседател на Советот на експерти

д-р Булент Дервиши